# З А П И С Н И К

од првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 26.01.2021 во 18:00 часот, по пат на електронска платформа.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Претседателот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 4 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за првиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на Записникот од дваесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата од 2020 година;
3. Предлог за отпис на побарување – годишен надоместок за користење на радиофреквенции, годишен надоместок за користење на скратен број, врз основа на известување од Централен Регистар на РМ;
4. Предлог - Годишен план за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации за 2021 година;
5. Барање за согласност за вработување на определено време;
6. Разно.

Откако претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот.

Потоа едногласно се усвои Записникот од дваесетиот состанок на Комисијата.

Во врска со точка број три, беше разгледан доставениот предлог од страна на Секторот, но бидејќи предметот не беше комплетен, оваа точка се одложи за наредниот состанок, а воедно се задолжи секторот да го достави предлогот со сета пропратна документација.

По Предлог - Годишен план за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации за 2021 година доставен од надлежниот сектор, членовите го разгледаа и откако констатираа дека е согласно годишната програма на Агенцијата го усвоија.

Околу 5та точка се отвори дискусија меѓу членовите по која се премина на гласање. За барањето имаше еден глас „воздржан“ и два „ЗА“ по што барањето беше усвоено.

Под точката Разно, Претседателот на Комисијата го прошири дневниот ред со уште една формална точка и тоа: носење на решение за престанок на мандатот на Директорот Сашо Димитријоски по сила на закон,

односно истек на мандатот. Предлогот беше усвоен и беше одлучено да се донесе вакво решение како би се завршиле андминистративните работи.

Седницата заврши во 19:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_______________

Дешира Имери, член ___________________________

Ервин Реџепагиќ, член ________________________